***З А П И С Н И К***

***од 53-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.07.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски, Марија Кочовска и Весна Ориѓанска. Од општинската администрација присутни беа Марина Поповска, Катерина Радовска и Јасмина Василеска Перчаковска. Присутни беа директороркaта на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Наташа Коруновска, директорката на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Ана Трајчевска, директорката на ООУ „Даме Груев“ Анабела Митревска, претставник од дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Зоран Здравевски и Претседател на МЗ Смилево Зоран Кокиновски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 52-ра седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот забелешка имаше Советничката Валентина Ѓорѓиовска на страна 4 во точка 9 предлози и прашања пред дискусијата „Исто и за лекување имаше барања...“ да се дополни дека оваа дискусија е од Советничката Валентиона Ѓорѓиовска тоа е испшуштено, вака изгледа како дискусијата да е од градоначалникот. Со 11 „за“ беше усвоен записникот со дополнувањето.

-Усвојување на записник од Итна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 12.07.2021 година

Записникот со 11 „за“ беше усвоен

На седницата се расправаше по следниот

**Дневен ред**

1. Усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за II квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година.
2. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс).
3. Донесување на Одлука за утврдување на износот на паричниот дел од наградата за „Животно дело“ .
4. Донесување на Одлука за определување места за поставување на изборни плакати и друг пропаганден материјал за време на избори во РСМ.
5. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година.
6. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2022 година.
7. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година.
8. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуанлец“ Демир Хисар за 2022 година.
9. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година.
10. Давање Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.

11. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година.
12. Давање Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
13. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година.
14. Давање Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
15. Донесување на Предлог Одлука за утврдување надоместок за потрошена вода за градски чешми во општина Демир Хисар
16. Разгледување на барање од МЗ Смилево.
17. Разгледување на Барање за финансиски средства од Евгенија Здравевска од Демир Хисар.
18. Разгледување на барање од Парохиски свештеник од слепчанска парохија.
19. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Благоја Станојоски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи дополнување на Дневниот ред со точка 18. Разгледување на барање од Парохиски свештеник од слепчанска парохија. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за II квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година***

Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за II квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет извештај поднесе Претседателката на комисијата Татјана Кочовска. Во врска со кварталиот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска, при тоа објасни за техничка грешка направена во обазложението од прв квартал. Советничката Валентина Ѓорѓиовска констатита генерално се трошело во тековни расходи, исплата по барања, многу малку во капитални расходи. Исплатено е многи по поднесени барања дали преку комисија или до градоначалникот забелешка многу барања се подржани кои не се од општината, а тоа не води на развој на општината, се добива впечаток како општината да е нацентрално ниво, 6 здруженија се подржани кои не се од општината, а само две од општина Демир Хисар. Исплатено е 54.000 на здружение на деца бегалци од егејскиод дел на Македонија, за ромско здружение 6.000 дали има од Демир Хисар претставник таму, 5.000 на „Златно перо“ од Битола, 15.000 превоз на за патници за екскурзија на ментори од Битола, 10.000 Научно здружение од Битола, 22.000 на здружение од Велес за скафандери и само две од Демир Хисар. Советничката Ѓорѓиовска додаде вакввото трошење на средствата не е оправдано со три месеци времено финансирање на Буџетот. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде можеби точку имало барања од Демир Хисар затоа толки се исплатени, а советничката Христина Бојаџиевска Андреска истакна тоа не оправдува 102.000 да се исплатат на здруженија надвор од Демир Хисар, а само 40.000 на здриуженија во Демир Хисар. За скафандери во Велес, а ние овде немавме нараквици. Советникот Мишко Поповски дополни постојано се потенцира да се дава средства само на здруженија од Демир Хисар, 80% од исплатите се за надворешни, а само 20 % за здуженија од Демир Хисар, ние не знаеме дали некој поднесол барање и одбиен. Во Демир Хисар немавме ковод центар во гаража се вршеше тестирање, не се даде помош, а се даде на здружение од Велес. Нека побара некој средства од друга општина да видиме дали ќе му бидат одобрени. Сето ова е злоупотреба, средствата од граѓаните на општината да се насочуваат кон други општини. Шест

месеци ништо не сме работеле, само сме го празнеле буџетот со исплати на здруженија кои не се од Демир Хисар. Во трансфери реализација над 80%, а во капитални расходи само 8,92 %. И сега се предлага ребаланс на Буџетот исто се бара повеќе средства во трансфери. Да донесиме одлука да се забранат вакви исплати, предходната година 4.000 евра за апарат во болницата во Битола, ова мора да се прекини, во Велес се помагало за ковид како да немаше ковид во Демир Хисар, само за исплата на барања работиме четири години исто. Потоа побара објаснување на ставките за угостителски услуги, по обраснувањето од претставникот советникот констатира тоа не е многу потрошено. Советничката Валентина Ѓорѓиовска рече според мене е многу како тоа сите си замислиле ако има гости мора в кафана да се носат. Советникот Мишко Поповски во дискусијата додаде од планирани 900.000 за еднократна парична помош за шест месеци потрошени 894.588 или 99,40%, наредните шест месеци што ќе трошиме. Цело време барам да се изменат критериумите, ваква помош не тереба да користат тие што имаат редовна социјална помош. Дали е грешка во планирањето или е несовесно работење, репер со какви финансиски средства располага општината или да се планира Буџетот процентуално, ако вака се продолжи оваа ставка ќе стигни до 2 милиони. И тоа е во ред, не е спорно ако некој поднесол барање, можи и негативно да се одговори. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде останатите месеци ќе има помалку барања, сите не се од енократна помош има и други. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска додаде кога планиравме рековме да има 900.000 ако има потреба ќе зголемиме. Советничката Валентина Ѓорѓиовска дека нешто не е во ред со овие барања. Кога дојдовме советници пред четири години за ваква намена се планираа 300.000, сега е 900.000 и со ребалансот ќе се зголеми на 1.100.000, реално е да се сомневаме дека има простор за злоупотреба. И според списокот се виде Демир Хисар е мало место сите се познаваме. Советникот Мишко Поповски праша дали има исплати во Јули месец после изготвување на извештајот. Оти се случувало да се бара ребаланс на потрошени средства. Претставникот Марина Поповска објасни нема оти нема повеќе план, заклучно со 30 јуни потрошен е планот неможи да има реализација на оваа ставка, но има барања кои чекаат исплата. Има таква можност, но не треба да се надмиме синтетичката ставка. Советничката Валентина Ѓорѓиовска упати забелешка во делот ангажирани лица во детската градинка, а ги плаќа општината, ваков случај имаше предходно во средното училиште и тогаш истата забелешка не е во ред тоа, па потоа се вработи во општината и повторно на работа одеше во учулиштето што уште повеќе не беше во ред лице од надвор да има пристап до информации. И ова сега не е законски. Исто праша 67.000 за набавка на знамиња. Потоа заклучи општ впечаток е како да не се зема во предвид дека ова се народни пари како да се сопствени средства. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска објасни тоа е по насока од министерството поради ковид кризата, групите беа намалени, ова е привремено. Советникот Мишко Поповски истака договор за дело е со закон забрането не смее такви вработувања да има, тоа е кривично дело. Сега ние треба да гласаме нешто што не сме го одобриле, зошто барањето од Велес не е до нас доставено, ние да одлучиме. Ваквиот начин на трошење на народни пари е неприфатливо. Советничката Марија Кочовска праша дали од ставката 471 од Совет се плаќа само барања одобрени од Совет, бракови и новороденчиња или и други барања, бидејќи од комисија има одобрено околу 70 барања тоа се 350.000. Исто и советникот Поповски побара спецификација колку се еднократни, колку бракови колку новороденчиња. Кој е критериумот за исплата за погребални трошоци, на семејства кои не се вработени во општината и не се дел од законска обврска, се плаќа за свадби и уште што не. Што ќе се случи ако сите почнат да бараат. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на кварталниот извештај гласаа 5 „за" 3 „против" и 3 „воздржани".

***ТОЧКА 2. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс)***

Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година (I Ребаланс) беа усвоени од Комисијата за финансии и буџет извештај поднесе Претседателката на комисијата Татјана Кочовска. Во врска со Ребалансот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советникот Мишко Поповски праша вишокот на средства од блок дотацијата за што се планирани. Претсавникот

Марина Поповска објасни самите си ги распоредија средствата каде сметале дека му се најпотребни. Советникот Мишко Поповски предложи на 471 за социјални надоместоци да не се зголемува, бидејќи ќе има избори да не се вршат злоупотреби. Советничката Марија Кочовска не се согласи зошто да не се исплаќаат тоа се барања кои се поднесуваат. Советникот Поповски додаде од каде ми тврдиш дека нема да се злоупотребат за избори, со тие барања од 5.000 денари се купуваат гласови, по некое време ќе се види со чантата како се шета. Најголемата злоупотреба се прави токму тука, нека има одлука после изборите да се исплатат средствата, донесете го списокот ќе видиме од која партија најмногу зеле вакви средства. Ако не е така зошто нема претставник од опозицијата во комисијата да имаме увид како се работи. На ваквата дискусија реагираше советничката Марија Кочовска ова е навредливо, можеби предходно така се работело, сега не, не се прави злоупотреба се работи по правилникот, не се даваат средства по партиска припадност. Ако заслужува некој според критериумите ќе добие средства, и да имаше член од опозицијата исто ќе се работеше, еве советничката Валентина Ѓорѓиовска беше член во предходниот состав на оваа комисијата знае. Советничката Валентина Ѓорѓиовска потврди да бев член, но имаше членови од сите политички партии и средствата кои се даваа беа многу помалку и вкупно годишно до 300.000. Претседателот на Советот Благоја Станојоски рече советниците да не даваат вакви изјави во време на кампања дека се се нуди. Советникот Мишко Поповски дополни ете за пример да поминам на 40 души да му речам да поднесат барања што ќе се случи тогаш, има некој по тројца од иста фамилија имаат земено. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде списокот е јавен нека се објави на веб странатa па тогаш ќе размислат некој дали ќе поднесат барање. Потоа праша зошто има зголемување на патни расходи од 20.000 на 70.000, зошто не се предвидело за камата во Буџетот, што проекти се планираат со енергетска ефикасност и за што се зголемувањето кај отпадни води плус 500.000, 100.000 во програмата Ј7 за што се Претставникот Марина Поповска објасни кај патни и дневни расходи има потреба од средства, бидејќи се исплаќа за проектот општинско корисна работа, патните трошоци се на терет на општината, каматите беа планирани во Буџетот во програма Јд за патот за Смилево и за улиците во Демир Хисар и во ЕА за комнињата. Но по насока од Министерството за финансии, се планираат во овие ставки, во ЕА останата е уште една рата за Смилево и за комбињата 800.000 да се плати во декември и 550.000 за Смилево, не треба да се во капитални планирани, од сега вака ќе се планираат. За програмата одведување на отпадни води има неплатени фактури, се работеше сливник кај улица „Веле Марков“, пропуст за Суводол, пропуст кај градски стадион, можи ќе има уште нешто што ќе треба да се плати од оваа ставка. Во програмата Ј7 набавени се дрвца, цвеќиња поставени се чешми, 1858.143 дел од  канализација во Демир Хисар и 30.000 за надзор. Советничката Ѓорѓиовска забележа ако имаше општината соработка со средното училиште ќе имаше помалку трошоци за набавка на цвеќиња, шумарската струка произведува расад, потоа додаде дали можи канализација да се гради во дел каде нема ДУП. Претставникот од општината катерина Радовска објасни можи бидејќи има проект за инфраструктура. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на измените и дополнувањата на Буџетот на општината гласаа 5 „за“ 1 „против“ и 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 3. Одлука за утврдување на износот на паричниот дел од наградата за „Животно дело“***

За Одлуката за утврдување на износот на паричниот дел од наградата за „Животно дело“извештај поднесе Претседателот на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија Татјана Кочовска. Ги запозна советниците имаше објавено Јавен повик за награда за Животно дело, имаше поднесени два предлози комисијата одлучи наградата да ја додели на Раде Силјан. Согласно одлуката за јавни признанија комисијата водејќи се од предходни години предлага паричниот дел од наградата да биде 30.000. Имаше поднесено предлог и за Цане Трајчевски. Советникот Мишко Поповски стави забелешка на начинот и критериумите како се доделуваат овие награди за Животно дело. Прво наградата треба да биде доделена на лица кои се жители на општината и животниот век го поминале во општината, имаат некоја заслуга, придонесол за општината  со некој проект, во текот на годината или некое дело во последните 30 години. Што

бенифит има општината па да го награди, не сум против да се додели ваква награда, но таа навистина да има оправданост. Советничката Татјана Кочовска рече никаде како критериум не стои да биде жител на Демир Хисар, а претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде какво Животно дело може да направи за една година. Советникот Мишко Поповски во својата дискусија додаде еве кажете каков траг оставил во Демир Хисар, треба да се прекини еднаш, ова е срам народот неможи основни работи да купи, навистина народот е многу мирен, во ред да се додели ама на некој што навистина заслужил и тогаш кога ќе има на кого. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша дали мора секоја година да се доделува ваква награда. Советникот Драге Пупунчевски предложи доволно е само плакетата, нема потреба од парични средства, ова се претера кој ќе му текни бара пари. Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна сигурно дека не му се многу важни парите 500 евра, да не го омаловажуваме не можи сега да ја укиниме имаше повик. Ако се проблем средствата да доделиме само плакета, а советничката Татјана Кочовска објасни тој не се пријавил сам по предлог е на домот на културата. Советникот Мишко Поповски додаде сето е поврзано едно со друго само пари се влечат, сето ова е на грбот на граѓаните. Ако оваа година доделиме награда само плакета без паричен надомест в година никој нема да биде пријавен. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде ако еднаш се утврдило 30.000 зошто пак се носи одлука. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска објасни така е во одлуката паричниот износ се утврдува секоја година. Наназад сме давале награди само на наши луѓе кои работат и живеат во Демир Хисар овај само е роден во Демир Хисар. Немаше пријавено повеќе за дискусија, Претседателот на Советот Благоја Станојоски констатира има два предлози еден од комисијата и еден од Советот. На гласање го стави предлогот од комисијата 30.000 да биди паричната награда. За предлогот гласаа 5 „за" 6 „против". Не се прифати. Вториот предлог беше наградата да биде само плакета без паричен надомест. За предлогот гласаа 7 „за" 2 „против" и 2 „воздржани". Предлогот се прифати.

***ТОЧКА 4. Одлука за определување места за поставување на изборни плакати и друг пропаганден материјал за време на избори во РСМ***

За Одлуката за определување места за поставување на изборни плакати и друг пропаганден материјал за време на избори во РСМ објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дисксуија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 8 „за" 2 „воздржани" против немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2022 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша зошто нема планирано вработувања. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни вработени се двајца возачи од 28.07.2021 и работоводителот предходниот план важи до крајот на годината овај е за наредна година. За донесување на Одлуката гласаа 7 „за" 4 „воздржани" против немаше.

***ТОЧКА 7. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Зоранчо Здравевски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за" 5 „воздрани" против немаше.

***ТОЧКА 8. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуанлец" Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуанлец" Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Во планот се планирани вработувања на основ на пензионирања. Потоа се обрати до советниците ако сакате јавното комунално претпријатие да функционира треба да се донесат овие акти без разлика кој ќе биди директор. Советникот Мишко Поповски истакна ова претпријатие е жртва на многу вработувања и во други институции. Сите планови оваа година се празни, овде има планирано вработување на основа на панзионирање кое е реално потребно. Сите овие четири години вработувате само ваши партиски луѓе што е проблемот ако има и од другите партии. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде имаше години која Советот не го донесе планот за вработување, а вработувања се вршеа, значи планот не е пречка да се вработува. Не сме против претпријатието, не сме кочеле кога се набувале возила и не треба да се жалите. И без донесен годишен план вие вработувате. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна кога вработувате ги гледате теснопартиските интереси, потоа побара објаснување за посленото вработување зошто беше одбиено едно лице од пријавените по кој критериуми се водевте за да го одбите тоа лице на кое навистина му требаше вработување. Директорот Ацко Трајковски објасни се вработија седум лица на определено време осум беа пријавени едното лице беше одбиено. Се вработија лица кои сакаат да работат и сум задоволен од нив, тој што беше одбиен не беше женет самец е и тој ми е шура ако треба да се лути мене ќе ми се лути. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде тука многу згрешивте што како критериум да биде одбиен некој дека е самец никаде не стои. Не држат аргументите колку вработивте ќерки, синови, снаи, браќа сестри каде има многу поголеми судири на интереси. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 5 „за" 6 „воздржани". Одлуката не се донесе.

***ТОЧКА 9. Годишен извештај за работа на ООУ„Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2020/2021 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ„Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2020/2021 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со извештајот објаснување имаше директорката Наташа Коруновска. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша како се одвиваше онлајн наставата, дали сите деца се вклучуваа и дали сите деца имаа услови за следење на наставата. Директорката Коруновска објасни до трето одделение беше со физичко присуство и тоа помина добро, додека за онлајн наставата се направија максимални напори да се одржи најдорбро што можи 95% условите беа добри, многу ретко се случуваше да има проблеми, услови имаше со донација се обезбедија компјутери за сите деца. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за" против и воздржани немаше извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 10. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2021/2022 година беше донесена од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со формирањето на паралелките објаснување имаше директорката Наташа Коруновска. Дискусија немаше. За донесување на согласноста гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Годишен извештај за работа на ООУ„Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ„Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот објаснување имаше директорката Ана Трајчевска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година беше донесена од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со формирањето на паралелките објаснување имаше директорката Ана Трајчевска. Дискусија немаше. За донесување на согласноста гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Годишен извештај за работа на ООУ„Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ„Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2020/2021 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За извештајот објаснување имаше директортката Анабела Митревска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 годинабеше донесена од Комисијата за опшествени дејности извештај поднесе Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со формирањето на паралелките објаснување имаше директорката Анабела Митревска. Дискусија немаше. За донесување на согласноста гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше

***ТОЧКА 15. Предлог Одлука за утврдување надоместок за потрошена вода за градски чешми во општина Демир Хисар***

За Предлог Одлуката за утврдување надоместок за потрошена вода за градски чешми во општина Демир Хисар објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Советникот Мишко Поповски праша колку чешми се наместени, а потоа додаде кај пазарот зошто да плаќа општината кога со пазарот стопанисува ЈКП „Комуналец“, исто во Суводол чешмата зошто општината да плаќа ќе побараат сите населени места. Од седум чешми можи да дојди општината да плаќа за 70. Советничката Валентина Ѓорѓиовска не се согласи со дискусијата на советникот, поарно да се плаќа вода и а да се поставуваат чешми него да се даваат средства на здруженија од Битола од Велес. Директорот Ацко Трајковски објасни не се многу средства ќе се фактурира на 140 м3 или 6.300 денари годишно просек по 20 м3. Советникот Мишко Поповски дополни не е проблем, можеби треба и повеќе да се постават и не се многу пари, но има чешма која нонстоп течи, исто во зима ќе има дефект од замрзнување, да не се злоупотребува. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ 1 „воздржан“ против немаше.

***ТОЧКА 16. Разгледување на барање од МЗ Смилево***

Во врска со барањето од МЗ Смилево објаснување имаше претседателот на месната заедница Зоран Кокиновски, имаме проблем со сметот има разлика во Обедник откако се поставија контењери селото е почиште, но поради конфигурацијата на теренот контињерите мора да се поставени сам на главната услуга. Директорот на ЈКП „Комуналец“ Ацко Трајковски додаде за ова еднаш се расправаше на Совет според програмата за таму се планирани девет контињери. Убаво е да се постават и да почни да функционира да се знае кој ќе плаќа за услугата. Советникот Мишко Поповски праша што конкретно се бара да стои во одлуката. Директорот Ацко Трајковски објасни во селото има 62 корисници од кои 34 покрај патот и тие би плаќале околу 200 денари односно 100%, а другите се подалеку и тие би плаќале околу 100 денари или 50 % во зависност од бројот на членовите во семејството. Во почетокот ќе оди потешко, додека неселението стекни навика. Три контињери кои ќе бидат поставени кај споменикот, музејот и манастирот Св.Патар за нив општината ќе плаќа ќе се подига сметот на повик. Советникот Мишко Поповски се согласи за двата контињери кај споменикот и кај музејот да плаќа општината, но да не се злоупотребува таму да фрлаат смет и

населението, додека кај манастирот треба да си плаќа манастирот. И на други места има жители кои живеат подалеку од местото каде се поставени контињерите и тие ќе побараат вакви услови. Советникот Драге Пупунчевски упати забелешка зошто не се чисти контињерот кај ветеринарната станица тоа е на повеќе наврати поставувано како прашање. Директорот Ацко Трајковски рече тоа е приватен контињер градското подрачје покриено е со канти. Советникот Мишко Поповски додаде да се опфатат сите села со контињери и да се дефинира колку пати во годината ќе се подига сметот онаму каде плаќа општината да не се случи секоја недела да бараат подигање на смет и да плаќа општината за секое подигање на сметот. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали има други случаеви во населените места каде некој жители плаќаат половина од цената, бидејќи контињерите се поставени далеку. Директорот Ацко Трајковски објасни има во Слоештица. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ 1 „воздржан“ ротив немаше.

**ТОЧКА 17. Барање за финансиски средства од Евгенија Здравевска од Демир Хисар**

Во врска со барањето за финансиски средства од Зарина Првасевда (Евгенија Здравевска) од Демир Хисар советничката Весна Ориѓанска истакна треба да се подржуваат ваквите работи износот на сумата кој треба да се одобри во зависност од можностите на општината, ние само да го одобриме, градоначалникот нека одлучи колку средства можи да определи. Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни во консултација со градоначакникот 50.000 можи да му исплати. Советникот Мишко Поповски додаде грешката е наравивме на почетокот, во споредба со проектите и средствата треба да бидат, даваме многу средства за ништо, а за поважни проекти помалку. Советничката Валентина Ѓорѓиовска предложи да се одобри барањето, а сумата да ја определи градоначалникот. Претседателот на Советот Благоја Станојоски се согласи со предлогот. Бидејќи немаше други предлози барањето беше ставено на гласање без определена сума, а за износот да одлучи градоначалникот во рамките на можностите на општината. Со 11 „за“ беше одобрено барањето.

***ТОЧКА 18. Разгледување на барање од Парохиски свештеник од слепчанска парохија***

Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни за барање од Парохиски свештеник од слепчанска парохија, во консултација со градоначалникот 50.000 е во можност да му исплати. Советничката Христина Бојаџиева Андреска предложи и за ова барање тој да одлучи. Други предлози немаше. Барањето беше ставено на гласање без определена сума, а за износот да одлучи градоначалникот во рамките на можностите. Со 11 „за“ беше одобрено барањето.

***ТОЧКА 19. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 881/2** — **Совет на Општина Демир Хисар**

**26.08.2021 година** — **Претседател,**

**Демир Хисар** — **Благоја Станојоски с.р.**